Бр./Nr 12-2199/2

17-05-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-мата седница одржана на 13.05.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-2199/1 од 15.06.2020 година, против ------------------------------------------ и ------------------------- членови во Советот на Општина ------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-2199/1 од 15.06.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------, на ден 15.06.2020 година, доставени се на надлежно постапување две анонимни пријави против ------------------------------------ и ----------------------------------- членови во Советот на Општина Крушево и оформен е предмет број 12-2199/1 од 15.06.2020 година.

Во пријавите се укажува на сомневање дека лицето ------------------------------------- е истовремено член на Советот на Општина ------------- и е вработена во општината, што според Законот за локална самоуправа не е дозволено. Во втората пријава се укажува на сомневање дека лицето -------------------------------- која е советничка во Советот на Општина ------------- а истовремено е и раководител на Агенцијата за вработување во општината. Исто така, се наведува дека при пристапувањето во советот на општината искажала една национална припадност, а во агенцијата е пријавена по друга.

По разгледувањето на предметните наводи и на јавно достапните податоци, ДКСК констатира дека е променета фактичката состојба, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk